
ВРАТА
Буде





# ВРАТА Е

## Буде

ТЕМПЛУМ
Скопје 1993

# СОДРЖИНА


| | циклус | пар | стр. |
|---|---|---|---|
| Влез | | ✍ | 5 |
| Комуникација | ⇧ | ⚐ | 6 |
| "ПОЈАВА" | ⇧ | ☼ | 7 |
| Нос | ⇧ | 💧 | 8 |
| Црв | ⇧ | ❄ | 9 |
| ЧОКОЛАДО | ⇧ | ☸ | 10 |
| ВОЈНА | ⇧ | ■ | 11 |
| СКОПЈЕ | ⇧ | ☩ | 12 |
| ДНЕВНИК | ⇧ → ⇔ | ❾ | 13 |
| Разговор | ⇔ | ◆ | 14 |
| ПИСМО | ⇔ | ❖ | 15 |
| Книга | ⇔ | ○ | 16 |
| Исчезнатиот театар | ⇔ | ❀ | 17 |
| КАНТ | ⇔ | ✦ ☊ | 18 |
| Тревога во кругот | ⇔ | ✪ | 19 |
| За животот на една крива линија | ⇔ | ⧫ | 20 |
| ПОТРЕБА | ⇔ | ⌖ | 21 |
| БРАК | ⇔ | ✧ | 22 |
| ДВОЈСТВО | ⇔ → ⇩ | ⌑ | 23 |
| ПРАЗНИНА | ⇩ | ⍰ | 24 |
| ПОМИСЛА | ⇩ | 📖 | 25 |
| Соувенир | ⇩ | ⌛ | 26 |
| ...Етер | ⇩ ✍ | ✝ | 27 |
| ...Светлина | ⇩ ✍ | ✞ | 28 |
| Песок | ⇩ | ⌛ | 29 |
| WINGS OF DESIRE | ⇩ | 📖 | 30 |
| ИДЕНТИТЕТ | ⇩ | ⌑ | 32 |
| РОНКА | ⇩ | ✧ | 33 |
| СЕЌАВАЊЕ | ⇩ | ⌖ | 34 |
| Една точка станува две точки | ⇩ → ⇔ | ⧫ | 35 |
| Триптих | ⇔ | ✪ | 36 |
| "Ништо ново под сонцето" | ⇔ | ✦ | 37 |
| ТРАДИЦИЈА | ⇔ | ❀ | 38 |
| СУЕВЕРИЕ | ⇔ | ○ | 39 |
| Приказна за М.К. | ⇔ → ⇧ | ❖ | 40 |
| СЛИКА | ⇧ | ◆ | 41 |
| ЗЕМЈА | ⇧ | ❾ | 42 |
| СЕКОЈДНЕВИЕ | ⇧ | ☩ | 43 |
| КУЌА | ⇧ | ■ | 44 |
| ГЛАД | ⇧ | ☸ | 45 |
| Б | ⇧ | ❄ | 46 |
| За глушецот | ⇧ | 💧 | 47 |
| ПРИЈАТЕЛСТВО | ⇧ | ☼ | 48 |
| ПРАШАЛНИК | ⇧ ✍ | ⚐ | 49 |
| Излез | | ✍ | 50 |




# Влез



# Комуникација


Кои сте вие ?


И каде сум јас ?


Какви се овие мисли ?


Којзнае ?


Времето лета !


Можно ли е да не
сум ова што сум ?


Надвор од универзумот


Па тоа е невозможно


Надвор. Надвор од
чувствата


и мислите за себе


Напред


кон идентификација
со околината


Јас сум маса


Јас сум лустер


Чешма


Јас сум сите луѓе
одеднаш ?


Јас сум ѐе - Јас - ништо


Ова е време.
Ова е простор


Јас сум нешто помеѓу.


Некоја тајна врска


Две капки вода


Јас сум Никола Тесла
и радио


Јас сум истовремено
и звукот


и ушите што ги
поседувам

# "ПОЈАВА"



Главоболка



Пречки во
видното поле



жив песок



Тишина



Нешто се
случува



Нешто непознато

# Нос


Понекогаш


си го гледам


носот во огледалото


и се прашувам


Каков е тој нос ?


Чиј е ?


И зошто е таму ?

# Црв



На дното од
еден бунар



живееше еден црв.



Луѓето фрлаа
парички во бунарот



секогаш удирајќи
го по глава



се додека еден ден



црвот не се налути



и престана да им ги
исполнува желбите



а тие престанаа



да го удираат по глава

# ЧОКОЛАДО



расипани

заби

# В О Ј Н А



Те сакам



напишано на ѕид



срушен



мрак



децата трчаат



Чудно е

# С К О П Ј Е



Останува
позадината



основната боја



ништо



доаѓа . . .
некој



симболично



крадешкум



како дух



протрчува



низ Скопје

# ДНЕВНИК



Парченце ноќ



обесено на
прозорецот



гледам натаму



кон тоа



што стои



недопрено

# Разговор



. . .



!



?



!?




.




не.

# П И С М О



Продавачката на
сендвичи



нестрпливо го
следеше детето



Сенф ?



Не.



Мајонез ?



Не.



Моркови ?



Не.



детето не беше
гладно



туку само
случајно застанато



пред сендвичарата



# Книга



Во предговорот
пишува



дека секој што
ќе влезе излегува
обратно од насоката



во која се пишувани
буквите, читајќи од
лево на десно;



Секој збор се чита
по два пати:



. . . во првото
читање
се памти



а по второто
читање се
заборава



По заборавањето
буквите
исчезнуваат



а по прочитувањето
книгата
се заборава
самата себеси



а од претпоследната
буква налево



влегува во
сеќавањето на
следната жртва - писател



кој ја препишува
книгата



од своето сеќавање

# Исчезнатиот театар



Режисерот ненадејно умре . . .



. . . во паузата помеѓу вториот и третиот чин.



мислејќи дека тој . . .



одлично се соживеал со улогата . . .



( што не беше точно )



. . . публиката започна воодушевено да ракоплеска,



и од нејзиното силно ракоплескање



зградата на театарот



пропадна во земја.

# КАНТ



На брегот



од едно море



живееше



еден доктор
по философија



додека пливаше
во морето



тој размислуваше



дали најпрво
настанал песокот



или дното на
морето



. . . едно утро



тој се удави
пливајќи



и по долго време
лежење на дното



се претвори во
песок

# Тревога во кругот







# за животот на една

# крива линија



# П О Т Р Е Б А





Крилја



по грешка
израснати



на грбот од
детето



играјќи
џамлии



чувствува
потреба



да лета

# Б Р А К



Грижи се за мене



му рече мачката



на кучето



Добро



рече кучето



и ја изеде



мачката



Сакај ме



` и рече кучето
на мачката



во својата
утроба



Мачката



ништо не рече

# Д В О Ј С Т В О



К постои ?



К размислува



К изјавува



желба



да се напие кафе



К и јас



ќе пиеме кафе



Јас и К пиеме
кафе



( К не постои )

# П Р А З Н И Н А



Во еден кафез
живееше чудна птица



со два клуна



Една ноќ додека
спиеше



несакајќи си го голтна
едниот клун



и стана обична
птица



но не за
долго . . . . .



Следната ноќ
го голтна



и другиот клун



и кога се
разбуди



веќе не беше
птица



туку празнина



на местото на
двата клуна




П О М И С Л А

# Souvenir

rez.
e me s
gari attrav
itto alla Bien.



. arte, e un
. quest'arte e
tti quei sotto-

e. animistic

per dirci .
ltre due o
frammi de
fonderci i

n
e, con.
aggio a q
del suo app
ttavia anch
anch'io - m
del suo deb

boschi di
emergent
ra, la on
carta;)
pone it
mente
lando



stati d'azzurr
sti della «figu
essere nel con
questa, ora fi
del ginocchio,
ancora, nelle
noi, oltre i dia
perfici per con


ETEP
ETERNITY


светлина

# Песок


н време треперење сушт
во улица бескрај чекори
ница корен време трепе
камен лубеница корен вр
движење болка својство
ка чекање кутија празни
ле дно двојство птица би
лач детство сонови жица
а тишина врска прашање
суштина плач детство
треперење суштина плач
ца бескрај чекори желба
рво војна приказна жаба
тека вртоглавица порака
телевизор питон доилка
време треперење сушти
улица бескрај чекори же
дрво војна приказна ж
библиотека вртоглавица
салама трчање космос п
време треперење сушти
улица бескрај чекори же
е череп потреба отвор г
ач детство сонови жица м
тишина врска прашање м
стакло погреб играчка
ака амбис причина семка
чевли целина слика мрак
ач детство сонови жица м
тишина врска прашање м
ца камен лубеница корен
движење болка својство
а чекање кутија празнина
оле дно двојство птица
ина конзерва огин дупка
ица камен лубеница корен
движење болка својство
а чекање кутија празнина
словени нога хотел гра
детство сонови жица м
тишина врска прашање
стакло погреб играчка у
амбис причина семка п
чевли целина слика мрак
камен лубеница корен в
движење болка својство
чекање кутија празнина
треперење суштина плач
ца бескрај чекори желба
рво војна приказна жаба
тека вртоглавица порака
а трчање космос песок
вени нога хотел граница
ство сонови жица мозок
а врска прашање музика
п греб

# WINGS OF DESIRE



# ИДЕНТИТЕТ



Јас



чекам



автобус



поминува една
жена



со пластични
цреши



во косата



Нејзината глава
е чудна



воопшто не личи
на човек



којзнае што е
тоа

# П О Т Р А Г А . . . .



Од каде доаѓа



тој прекрасен
звук ?



звук на
неартикулирана



интроспекција



Едно магаре
на ливадата



експериментира
со опашката



и открива
елементи



на немагарешко
битие



во себе

# РОНКА



Неколку мравки . . .



наоѓаат една
ронка леб . . .



. . . ја товараат на
своите нежни грбови



. . . влегуваат во
подземните градови



. . . го печат лебот . . .



. . . се собираат сите
мравки од светот



ја прославуваат



ронката леб

# СЕЌАВАЊЕ



Старецот излезе



од својата колиба



со намера да
се прошета



низ времето



Некаде на
половина пат



застана



изненаден



од сопствената



старост

# Една точка станува две точки





попладне

# Триптих



насликаното



сликата



сликарот

# " Ништо ново под сонцето "




Што било ?



Тоа што ќе биде.



Што ќе биде ?




Тоа што било.

# ТРАДИЦИЈА



Во едно мало
место



луѓето веруваа



дека човекот
се раѓа



старее и умира



... Еден ден во
малото место



случајно намина
еден голем човек



кој набрзина умре



со смрт којашто
ја разниша



долгогодишната традиција
во малото место



Следниот ден



беше воведен
нов обичај



според кој луѓето
во малото место
не умираа

# СУЕВЕРИЕ



Една црна мачка
веруваше



дека ќе се
претвори



во убава
бела жена



ако му го
пресече патот



на некој доволно
црн човек ...




за среќа, кога
тоа се случи



црнецот не ја
забележа мачката



и убавата
бела жена



беше спасена

# Приказна за М.К.



Ова е камила



којашто пие бензин
и нафта,



јаде змии



и зборува арапски,
кинески и англиски




јазик

# СЛИКА



На ѕидот



виси



необична слика



тешко е



да се одреди



разликата



помеѓу неа

и една расипана
чешма

# ЗЕМЈА



Си бил еден
многу мал човек



кој решил
да порасне



но незнаел
како



Се сетил



да ја закопа
главата во земја



и да расте



со нозете нагоре



И навистина :



станал голем
човек



но луѓето



во него гледале



само обичен кромид
и ништо повеќе

# С Е К О Ј Д Н Е В И Е



Белината
на снегот



претпладне



попладне



ноќ



Четка со која
се мијат заби



Стомак



. маска



кондура



постојано

# КУЌА









# Г Л А Д



Од тенџерето



испарува тесто



облаците се
полнат



ќе врне



леб

# Б



Бомба



Болка



Буква



Бубашваба



Бес



Бело



Бегство



Браво !



. . .

# За глушецот



Глушецот го грицка



клучниот *збор*
од Поетиката



2000 години
потоа . . .



теоријата на
книжевност



. . . се измачува . . .



. . . реконструира . . .



. . . претпоставува,



но попусто . . .



- еднаш засекогаш -



глушецот ја изеде
тајната.

# ПРИЈАТЕЛСТВО



Се сретнуваат



два потполно
исти човека



збунети



од сопствената
истост



се измешуваат
меѓусебно



се заменуваат
еден со друг



и забораваат
кој е кој



потоа едниот од нив
ненадејно умира



без да му каже
на другиот



а другиот
збунето живее



незнаејќи дали
е тој што умре



или е оној
што е ист со него

Уредник на библиотеката: Г. Н. Ом

Графичко уредување: Џетро & Кома

Дизајн на корица: Кома

Издавач: Кома

**CIP** - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Климент Охридски“, Скопје

886.6 - 31? „Графичка поезија?“

**ПОПОВСКА, Будимка**
Врата / Будимка Поповска. - Скопје: Темплум, 1993. - 52 стр.: графики?. 21 см. - (библиотека Арт? кн. 4, ТЕМПЛУМ)

